# Контрола на температурата

## За превоз на стока чувствителна на температура.

Треба да ја следите температурата на товарот? „Фротком“ има решение.

*Увидувате на местото на испорака дека температура не била точна во разладуваниот дел во текот на дел од патувањето, а тоа не сте го откриле навреме. Клиентот ја проверува температурната крива регистрирана од термографот во вашата полуприколка и не ја прифаќа нарачката. Останувате со цел камион полн скапана замрзната храна.*




## Како помагаме

**Следењето на температурите во текот на превозот е суштинско и задолжително барање за многу индустрии. Всушност, системите за следење на температурата се сега стандарден дел од спецификациите за превоз под контролирана температура и се законски пропишани во многу земји.**

Со „фротком“, може да ја следите температурата на вашиот товар. Само изберете едно од двете можни решенија: безжичен сензор што можете едноставно да го инсталирате и да го користите во цврсти единици или одвоиви приколки, без да се малтретирате со жични инсталации; или едноставен жичен сензор за возилата во кои сензорот може да се инсталира во истиот оддел каде што се наоѓа ГПС-локаторот.

Во секој случај, следењето на температурата е совршено дополнување на постојниот термограф што веројатно веќе го имате во вашата полуприколка. Ќе ја проверува температурата и ќе праќа информации директно во податочниот центар на „фротком“. Всушност, „фротком“ може да оствари интерфејс директно со некои термографи, без да се инсталираат дополнителни температурни сензори.

Ќе може да поставувате аларми и да генерирате извештаи врз основа на податоците добиени од сензорот за температура, што ќе ви овозможи да реагирате брзо и веројатно да го спасите товарот ако температурата варира надвор од границите.

## Бенефиции

**Дејствувајте веднаш!**
Веднаш ќе добиете знаци за претпазливост кога температурата варира надвор од границите.

**Заштедете пари**
Избегнувајте обврски да ја замените скапаната стока или да ги обесштетите вашите клиенти; „фротком“ ви дава вистинска заштита против уништување на стоката што се расипува поради неточна температура.

**Квалитетни услуги за клиентите**
Избегнете да ги налутите клиентите чија стока била уништена затоа што била изложена на неточна температура.

**Почитувајте ги законите**
Проверете дали вашата фирма ги почитува важечките закони за контрола на температурата.

*„Со 'фротком' може да се оптимизира превозот, да се зголеми безбедноста на производите што се превезуваат и да се контролира температурата на расипливите производи“."*

**Касимиро Фереира** (Casimiro Ferreira)
Директор- Sonae - Portugal

## Како работи

**Инсталирани се еден или повеќе сензори за температура во товарниот дел на вашите возила.**

Секој сензор за температура ја мери температурата со отпорен термометар. Внатрешниот отпор на електричното коло на сензорот зависи од неговата температура. Колку е повисока температурата, толку е поголем отпорот и обратно. Потоа овој ефект го користи преносно електронско коло што ги претвора измените во отворот во промени во излезната волтажа.

Кога сензорот ќе се пренесе безжично во влез на ГПС/ГПРС-уредот на „фротком“ (опција А) или ќе се поврзе со жица со истиот влез (опција Б), се забележуваат измените во волтажата, се конвертираат и се пренесуваат во податочниот центар на „фротком“.

Точноста е во рамките на ±0.5 °C. Кога сензорот ќе се поврзе со уредот „фротком“ во возилото, температурата се следи безжично, а забележаните отстапувања веднаш се пренесуваат во центарот за податоци на „фротком“.

## Главни карактеристики

- **Целосно управување со температурата**
- **Целосна заштита на замрзната и расиплива стока, како и на жива стока на долги патувања**
- **Итни предупредувања кога температурата е надвор од опсегот; возачот ќе биде предупреден и може да ја поправи ситуацијата навремено**
- **Табелите во „фротком“ за движењето на температурата може да се користат како доказ дека температурата е во точниот опсег.**

### Следете ја температурата при транспорт на каргото



## Уреди и додатоци

**Безжичен сензор за температура**
**Модел:** ВВТС-1 8 (WTS-1)

Лесно се инсталира безжичниот сензор за температура. Пренесува информација за температурата во делот за товарање преку радио фреквенција.

**Жичен сензор за температура**
**Модел:** ТС-1 (TS-1)

Сензорот за температура известува за температурата во делот за товарање во возилото или во полуприколката.

## Други сродни карактеристики што може да ве интересираат

- **Аларми**
- **Контрола на пристап**
- **Имобилизирање на возилата**
- **Лоцирање на возилото и сензорско следење**

Temperature control 20180622

Интелигентно
**менаџирање на флота**
за вашата компанија.

WWW.FROTCOM.COM

FROTCOM®
INTELLIGENT FLEETS